# АНТИЧКА И РИМСКО-РОМЕЈСКА МАКЕДОНИЈА – РИЗНИЦА НА ПОЛИТИКОЛОШКИ КАТЕГОРИИ ВО СВЕТСКАТА ИСТОРИЈА

**Анета Шукарова**
*Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Македонија*

While summering up historical references, only the exclusive conclusions which support the thesis will be conveyed – that the Macedonian history is distinctive and individual, and different and foreign in relation to the so called history of the Hellenes. Fortunately, these exclusive inferences are “first class” – this is witnessed by eminent persons from the Hellenic genus, intellectuals, rhetorical philosophers, rhetors, and the most distinguished politicians of just that time, the time before the very demise of the Hellenic city-states, and right before the magnificent rise of Macedonia.

The main historical impression is that: on one side is the historical sphere of the “joint defeat of all  the Hellenes” and “deprivation of destiny of their famous city-states”, on the other, again, is – the separate history of the rise and glory of the antique Macedonians, their rulers, of the world *basilea* of Alexander of Macedonia. These two spheres are joint, as much as they are utterly opposed in their historic co-relation.

Actually, the historical conditions are changing from the root, even the sharp border between the Hellenes and the barbarians, among whom are, of course, also the Macedonians, is disappearing, a process of cultural and social symbiosis comes about, according to which, Philip is the carrier of the exclusive idea for a global society. Understandably, these ideological aspirations do not come forth peacefully, because they are not only about a cultural “globalization”, but about a political one that must be carried out through war and fighting.

So, such important material imposes a need for rereading history. The critical understanding of the contemporary conception of the humanities strives for diversity and differentness, for particularity and cultural equality: local investigation of the history is promoted, hierarchical assessment of cultures is refused, traditional prejudices about “high” and “low” cultures are being rejected, favouring particular historical peoples, states, cultures, on account of the already neglected peoples and cultures, is disregarded. It is well known that the “pet” of world historiography is classical *Helada*, and that its favourites are the Hellenic culture and Roman civilization. Traditional historiography not only disregards other nations and cultures, but it is also assigns them all to the general denominator of just these two cultures. It goes without saying that ancient Greek culture and Roman civilization are the dominant focus of world history, but the “word” of the ancient Greek and Roman historians, logographers, doxographers, must not be uncritically accepted; right here, one should “catch” the ancient Greek writers, who very often, in accordance with their xenophobic mentality, make sense of the world as divided into “domestic” and “foreign”, Hellenes and barbarians, into “battles between themselves” and “wars with foreigners” (Plato, *Republic*). However, - why does the momentous historiographic illusion of recent times happen – the unique historical phenomenon, the epoch of the Macedonian *pambasilea*, the most exclusive event in the history of the old continents, the idea of the ecumenical state and one unified civilization, to be called “Hellenism”! “Hellenism”, even though in that historical period, the most renowned Hellenic city-states are already entering the zone of the historical and cultural margin, contrary to the new world centers in Egypt and in the East, which are being founded by Alexander of Macedon and are being named by him as Alexandrides; so why not call this epoch “Alexandrism”, or “Macedonism” in accordance with the only carriers of this civilization – the Macedonian rulers.

Во почетокот на третиот милениум кога светот се глобализира во софистицирана компјутерска мрежа, кога капиталот станува интернационален чинител на глобалната моќ, еминентни научници и теоретичари афирмираат потреба од локално испитување на знаењето, се разбира и на знаењето на историјата. „Локалното“ настојува да добие автономија и се труди да биде сместено како посебна вредност во широките рамки на глобалната културна схема. „Локалното“ се определува како дел од една геополитичка сфера, но и како специфична културана топика, настојувајќи да се ослободи од тотализирачката репресија. Со „локалното“ не се оспорува вредноста на глобалните теории, не се оди во провинцијално повлекување, ниту се паѓа во маргинална положба, туку – обратно, низ локалните концепции се дејствува критички врз функционирањето на глобалните теории. Критичкиот однос на локалната концепција е против закоравени предубедувања за „високи“ и „ниски“ култури, против привилегиите и фаворизирањето за сметка на запоставувањето на веќе запоставените народи и култури. Имено, постои закостенето мнение за елитноста на европската култура. Европската култура се поистоветува општо со човечката, класичната со хеленската, хеленската со култура во вистинска смисла...

Со современата концепција на науките и уметностите се настојува на разновидност, на фрагментарност, на инаквост и другост, на полифонијата, на плуралитетот. Се разбира дека оваа „постмодерна“ критика навлегува и во историјата. Наспроти историографијата во позитивистичка смисла, се прави напор историјата да се истражува во длабинската структура, во проучување на специфичните проблеми, кои се проблеми на множество култури, без разлика дали се „големи“ и „мали“; се прави напор да се воочат разликите, не според степенувањето на вообичаениот историографски критериум, туку според самостојноста, самосвесноста, другоста на суштествувањето; се ставаат под сомнение глобалните искази на традиционалната истоиографија за ексклузивноста и доминантноста на неколку историски тежишта; се укажува на илузивноста на такви историски „вистини“, зашто европската историографија (а таа е доминантна) ги распределува историските феномени на значајни и безначајни, централни и маргинални. Познато е дека „галениче“ на европската историографија е античка Хелада, потоа „фаворити“ ѝ се хеленската и римската култура, а оттаму, - и латинската и византиската, кои се претставуваат како „продолжение“ на Грција и Рим. Традиционалната историографија, не само што ги занемарува другите народи и култури, туку сите ги подведува под општиот именител на овие култури. Се разбира дека не може да се занемари големото влијание на старогрчката култура и на римската цивилизација, зашто тие се вистински доминантни (господаречки) тежишта на светската историја, меѓутоа не може да се прифати некритички и слепо само „зборот“ на старогрчките и римските историчари, логографи, доксографи. Особено не смеат да се прифатат старогрчките писатели кои според еден ксенофобичен менталитет го осмислуваат светот на „домашни“ и „туѓи“, на Хелени и барбари ("барбари" како нешто опасно, загрозувачко, диво, па дури и ропско). Така се случува и една историографска илузија – исклучителниот историски феномен – епохата на македонската панбаслеја, најексклузивниот настан во историјата на старите континенти, идејата за екуменска држава и една обединета цивилизација, да се нарече хеленизам, иако во овој период, по смртта на Александар, најпознатите хеленски полиси влегуваат во зоната на историска и културна провинцијализација, наспроти новите светски центри, Александрија, Пергам, Антиохија. Овие центри не се на европско тло, туку во Африка и Азија, на територија која ја освојува Александар Македонски и ги гради новите Александрии, упоришта на новата цивилизација, која

претставува синкретизам на многу различни култури, религии, јазици, цивилизација која со право го носи знакот на космополитизам!

Токму тука се обидува критички да дејствува новата историја: да се признае поврзаноста и взаемноста на историските ентитети, но и да се спречи асимилацијата на „маргиналните“ од страна на „доминантните“.

Во таа смисла, за да се сфати новата насока на историјата, треба да се прикаже историскиот простор во кој настанува Македонската држава како единствена држава на Балканот според своето политичко уредување – басилеја или монархија, како што ја нарекуваат хеленските политиколози, или Империум, според римските историографи. Македонската држава коренито ја менува историјата и отвора сосема нови и за човечката историја, широки и длабоки хоризонти во историската егзистенција на човештвото. (Навистина сосема нова историска епоха во која се промовира државната структура - империја и тоа за прв пат светска империја во која се остваруваат интензивни врски и интензивна, не само политичка, туку и светска културна соработка, а според политичката идеја на Филип II Македонски или според генијалната идеја и дејствувањето на Александар Македонски).

Аристотел ја искажува својата намера да ја проучува теоријата на законодавството, облиците на државата: што е добра, а што лоша држава, причините за напредок и пропаѓање на државите, каков поредок ѝ припаѓа на најдобрата држава... Свртеноста на философот кон теоријата на државата (во *Етика, Политика, Реторика*, па и во *Метафизика*) е сосема разбирлива, иако парадоксална. Сите хеленски философи, особено Платон и Аристотел, притоа и државници и ретори, најстрасно се зафаќаат со теоријата на државата, токму кога државната хеленска формација – · πόλις е во тешка криза, така што, во кусо историско време, доаѓа во фаза на распаѓање (за да се распадне под притисок на Александровото освојување на светот). Аристотел во *Реторика* се определува за три вида државно уедување: демократија, олигархија и монархија; демократија е државен облик во кој државните функции се делат со жрепка, олигархија се засновува врз најобразованите и највлијателните граѓани, а монархија е држава во која управува еден. Законита монархија е басилеја (аристократија), додека незаконитата – тиранида. Според целта кон која се стремат, државите се определуват на овој начин: цел на демократијата е слобода, на олигархијата - богатство, на аристократијата – образование и одржување на законитоста. Самиот назив (ἄριστον κράτος), укажува дека во неа владеат најдобрите или дека се стреми кон најдоброто (τό ἄριστον) за државната заедница (*Реторика*, 1306в,14-18).

Воопшто, според Аристотел, има народи чија природа соодветствува на одредени облици на држава: басилеја според уредувањето ѝ одговара на аристократијата зашто се темели врз заслуга или врз лична вредност, врз потеклото или врз извршените дела, или, на сите тие начела и моќта. Имено, сите оние што имаат големи заслуги за државата или за народот или оние што се во состојба да ги здобијат, се здобиле со тој статус: едни во војна го сочувале народот од ропство, како Кодрос, други, зашто го ослободиле народот (на пример, Кир), потоа, некои зашто основале или освоиле земја, како лакедајмонските, македонските и молоските басилевси (*Политика* 1310,в,5).

Имено, македонските басилевси од династијата Аргеади ја освојуваат територијата на античка Македонија населена од сродни древни етноси: Бриги, Пајонци, Пелагонци, Пиериjци, Ботиејци, Орестиди, Еордејци, Линкести, Мигдонци, Крестонци..., кои влегуваат во етногенезата на античките Македонци.

Според Аристотел најдоброто државно уредување - басилеја има повеќе видови: една е доживотна власт на басилевсот, наследна или изборна, каква што е македонската басилеја, другиот вид басилеја е барбарскиот облик на монархија:

басилевсот има власт слична на тиранската, сепак – законита и наследна. Ова значи дека телесната стража е законска и уставна, зашто басилевсот го чуваат граѓани, додека тиранинот наемни платеници – војници. Басилевсот владее според закон и во согласност со поданиците, додека тиранинот – наспроти законот и против граѓаните. Третиот вид монархија се среќава кај древните Хелени, кои басилевсите ги нарекувале ајсиметри (изборни судии кои се одбирале во време на внатрешни кризи). Оваа монархија е изборна и не е наследна. Четвртиот вид монархија најстарата, посведочена од „херојското време“, се темели врз слободната волја на граѓаните. Оваа басилеја е наследна и законита, а ги содржи војничката, свештеничката и судската врховна власт.

Овој вид на архаично државно уредување е аналогно на македонската басилеја, во која царската власт е наследна, владеењето е според „македонските закони“, а царот е врховен војсководител, правосвештеник и главен судија. Царот владее со Македонците како со слободни граѓани, а не со поданици, како во Персиското царство. Македонците „под оружје“ организирани во македонското собрание со акламација го прогласуваат царот, решаваат за голем број воени, но и судски прашања. Стотина Македонци од благородничко потекло ја претставуваат карактеристичната македонска институција – хетајри – пријателите на царот, најблиските соборци, најхрабрите војсководци, а по смртта на Александар, тие се наследниците - дијадосите на Александровото Царство.

Аристотел генијално ги антиципира историските настани и се определува за државниот облик - памбасилеја во време кога со вакво реално остварување е зафатен македонскиот басилевс Филип II, а по кусо време, ова го остварува Аристотеловиот ученик, сепак не Хелен, туку Македонец – Александар Велики. Македонецот го остварува идеалот на Аристотел - да владее владетел кому нема да му бидат потребни закони, зашто „тој самиот е закон“ (*Политика* 1284 а). Овој облик на држава, вели Аристотел, би се остварил под услов да се најде владетел кој со своите способности ги надминува сите; тој би бил „како бог меѓу луѓето“. Ваквото предвидување, па дури и пророштво, е неверојатно за трезвениот Аристотел. Сепак, Аристотел по менталитет не е полисен граѓанин, зашто детското и младешкото искуство го стекнува на дворецот на македонските басилевси во Пела и тука го создава ликот на идеалниот владетел: Александар Македонски ги преминува границите на исказот да владее „како бог“, така што тој навистина се обожува и во азиската, и арапската, индиската, египетската, римската, македонската, само не во грчката митологија. Александар Велики станува божество именувано како – Искандер, Скендер, Iskandar Lul Karnain (Александар Дворог Македонски).

Философот Исократ, во идеолошка смисла настроен монархистички, но и промакедонски, во беседата *Филип* запишал дека Македонците не можат да си го замислат животот без династија, зашто од искона имале династија, т. е. басилеја или монархија. Во таа насока целокупната реторичка, философска, особено политиколошка дејност Исократ ја посветил на истражување на својот идеален државен облик – памбасилеја и на идеалниот владетел - басилевс. Имено, при крајот на долгиот живот, по мачно трагање за моќен владетел, Исократ го „открива“ Македонецот Филип, генијален војсководец и визионер на светски градител, во свое време – најмоќниот владетел во Европа. Се остваруваат мечтите на стариот философ, иронично, но Филип ги освојува хеленските полиси, воено, економски и социјално растроени, загосподарува со полисите на имагинарната Хелада, се прогласува за хегемон на новата панхеленска заедница со план да ги поведе Македонците и Хелените, но и многу други војници – платеници од Балканот, во воениот поход на „Европа против Азија“, т.е. на Македонија против големото Персиско царство.

Независно од идеите на Исократ, Филип станува вистински чинител на промените во светот воопшто и на историската структура во сите нејзини компоненти (теориски и

практични промени во државните структури на трите континенти, промени во менталитетот, во духовноста, во културата, во етиката...). Имено, со идеолошката и државничката, па и политиколошката пракса, во историската орбита Филип ја исфрла Македонија, која станува двигател на новиот поредок на нештата.

Идејата на Исократ и Аристотел за екуменска држава започнува да ја остварува Филип II, а ја завршива Александар Македонски. Преку „светите свадби“ во Суза, Александар го отвора светот и создава неограничен простор за културен синкретизам, почитување и еднаквост на раси, јазици, религии, политеи. Само така може да се претстави духовното движење на оваа епоха, кое според својата динамика е рамно на силата на неговиот освојувач, обожуван на сите три стари континенти. Во Европа, Африка и Азија Александар бил и Македонски и Велики, но и домашен. Во оваа епоха духовниот центар не е веќе на Балканот, туку, центарот е сместен во новиот град Александрија во Египет (изграден од Александар), александровата духовност е во домот на музите – Музејон, седиште на Александриската библиотека во која работат научници од сите страни на стариот свет.

Според македонската царска традиција и според идејата за „отворено општество“ (интензивен проток на идеи и стока) од наследниците на Александар, дијадосите и епигоинте, организирани се новите царства во Македонија, на источното Средоземје, во Египет и Пергам. Овој период според одредени стереотипни заблуди познат е во литературата како хеленизам и покрај тоа што хеленските полиси се на маргините во однос на новите светски културни центри, кои не се веќе на Балканот, туку се во Африка и Азија. Основачите и творците на новото општество, не се Хелени, туку Македонци, наследниците на Александар. Новите економски и воени центри претставуваат произлез на нова епоха, произлез на многу науки: филологија, астрологија, математика, поетологија и на многу светски уметности и уметнички дела. Новата културолошка епоха би требало да биде според сите категоријални структури присутни во оваа епоха, именувана како *александризам.*

Според овие, но и според многу други научни сознанија, за кои нема време да се проговори во рамки на еден реферат, античка Македонија претставува произлез на политиколошки, стратегиски, дипломатски, идеолошки и слични категории прифатени во светската цивилизација. Имено, и Римската и Ромејската Империја ги прифаќаат следниве категоријалните структури:

– наследна династија (со која македонското царство во целата своја полнота суштествувало од VIII в. ст. е. до римските освојувања – сред. на II в. ст. е.; династија околу која Македонците воено и политички се организирале и го освојувале светот);

– царска монархија со култ на цар – мудрец и божество (апотеоза карактеристична за Александар Македонски: култ на цар – Бог – Александар во Египет);

– воено-политички систем (македонската фаланга, воено-стратешките операции на Александар на Истокот);

– дипломатска тактика (карактеристична за сите македонски владетели, посебно Филип II);

– царско покровителство на мудреци, философи, уметници („протомеценатсвото“ на Архелај I, Пердика II, Аминта III, Филип II и Александар Македонски);

– идеја за глобална држава, отсуство на ксенофобија и расизам (Александар се поклонува на боговите на сите народи што ги освојува, месните сатрапи владеат со освоените земји на Истокот, прифаќа 30000 Иранци како епигони во македонската војска);

– обединување на светот во глобална држава во која се почитува идејата за еднаквост на народи, раси, јазици, религии (Светата свадба која Александар ја организира во Суза е спој на културите на двата стари континенти Европа и Азија).

Сите овие политиколошки и идеолошки структури претставуваат суштински дел од Римската Империја, која го освојува Александровото Царство. Великите римски цезари ја подражаваат царската идеологија на Античка Македонија, ги преземаат воено-стратешките и дипломатски критериуми за успешно водење војни и освојување нови народи и држави. Значи, како што би рекол Полибиј, подемот и моќта на Рим се споредува со најзнаменитите држави, меѓу кои е Македонија, некогашната господарка на „поголемиот дел од светот".

Наследството од македонската царска, династичка традиција, римското државно устројство, хеленската и александриската мисловност и духовност ја определува доминантната положба на Ромејското Царство како најзначајно средиште на европската цивилизација. По „царскиот пат" чекорат многу македонски, римски и ромејски владетели, меѓу кои е и Јустинијан I, внук на царот Јустин, по потекло од Македонија. Според идеологијата за „ксенократија" Јустин и Јустинијан од селото Таурисион се здобиваат со моќ и власт на ромејски владетели поради големиот авторитет кај војската, а според начелото на „теократија", Јустинијан Велики има „трансцендентен" авторитет во името на Бога. Неговата моќ и волја, според идеологијата на светата и свештената држава, се изразени како спој на апсолутното црковно и световно право. Царот не е само државник, врховен војсководител, врховен судија, туку и pontifex maximus (првосвештеник) со право да го организира религиозниот живот во Царството. Парадигма на Јустинијановата екумена е најголемата црковна институција на Балканот, со седиште во Македонија - Архиепископијата Јустинијана Прима, формирана и канонски посведочена од самиот цар. Всушност, Јустинијан совршено ја остварува политичката, односно империјалната цел на претходните императори: да се создаде „единствена држава, единствен закон и единствена црква". Според идејата за универзална држава Јустинијан го гради не само правниот систем на Ромејското царство, туку и европскиот правен систем според кој се уредува и монархискиот живот во Европа. Така, државата на Јустинијан, со единствен државнички апарат, силна воена стратегија, цврст правен поредок, со развиен стопански и финансиски систем, претставува најмоќна цивилизација не само во VI век, туку и во наредните векови, па и во општата историја на државни устројства.

Архиепископијата Јустинијана Прима се надоврзува на долгата традиција на христјанството во Македонија. Имено, црковната традиција во Македонија започнува уште од мисијата на Апостол Павле, кој ги формира првите христијански заедници во Македонија и воопшто во Европа. Во доцноримскиот период со формирање на бројни епископски седишта (Скупи, Стоби, Хераклеа, Лихнидос, Баргала, Тесалоника, Дион, Бер, Филипи) Македонија станува произлез на христјанската вера и упориште на христјанската црква. Црковните традиции на Јустинијана Прима се спојуваат со црковното достоинство на Самоиловата црква – Охридската Архиепископија, со посебно свето и свештено место во црковната хиерархија (во XIII век црковниот трон на Охридската Архиепископија е веднаш по цариградскиот патријарх и римскиот папа).

Во рамките на древната црковна историја е и традиција на првата славјанска Епископија на Брегалница, во градот Равен, каде што се одвивала светата мисија на Св. Кирил и Методиј за покрстување на Славјаните на цела Источна Европа и судбоносниот превод на Светото Писмо на славјански јазик, четврт светски јазик на Новиот Завет. Значи, Македонија е произлез на славјанската писменост и духовност, која продолжува со Св. Климент Охридски, првиот славјански епископ (893) и универзитетски професор во древниот град Охрид. Св. Климент го основа првиот универзитет, не само во Македонија, туку и во Европа. Во Охридската книжевна школа, како културно-просветен и црковен центар студираат 3500 ученици, а во

библиотеката и скрипторијата се чуваат и се пишуваат свети книги, химни, поучителни слова и црковни беседи. Едновремено се градат безброј цркви и манастири кои, со својата архитектура и ѕоографија, влегуваат во светската историја на културата и уметноста.

Со таксативното набројување на само еден дел од големата ризница историски категории суштествени за историјата на античка и римско-ромејска Македонија, како дел од историјата на Македонија и на македонскиот народ, се прави обид да се претставаат категоријалните структури присутни во светската историја, односно – култура и цивилизација.

## Литература

*Демостен.* Говори / Демостен / прев. Д. Чадикова. Скопје, 1995.

*Платон*. Политеја / Платон / прев. Е. Колева. Скопје, 2002.

*Шукарова А.* Филип II Македонски и атинските ретори / А. Шукарова. Скопје, 2003. 330 с.

*Aristotle*. Politics, Loeb Classical Library / Aristotle. Cambridge, Massachussetts: Harvard University Press, 1959.

*Borza E.N.* In the Shedow of Olimpus: The Emergenci of Macedon / E.N. Borza*.* Princeton, 1990.

*Isocrates.* 3 vol. / Loeb Classical Library / Isocrates. Harvard University Press, 1961.